20261822805

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР VIII – ФАЗА 3, ДЕЛНИЦА ОД КРИВА ПАЛАНКА ДО ГРАНИЦА СО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот коридор VIII – фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2026 година.

Бр. 08-4992/1
29 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР VIII – ФАЗА 3, ДЕЛНИЦА ОД КРИВА ПАЛАНКА ДО ГРАНИЦА СО РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Железничкиот коридор VIII – фаза 3, делница од Крива Паланка до граница со Република Бугарија, („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 262/23), во членот 1 зборовите: „кој делумно се финансира и преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА на Европската Унија“ се бришат.

Член 2

Во членот 4 зборовите: „имплементираат Министерството за финансии – Секторот за централно финансирање и склучување на договори и“ се заменуваат со зборот „имплементира“.

Член 3

Членот 6 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.